РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Сектор за логистика
Бр. 1812-252/7
20___год.
СКОПЈЕ
07-08-2019

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019 и 110/2019), а во врска со член 20 став 1 точка 48 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011, 151/2011 и 215/15), министерката за одбрана донесе

# УПАТСТВО
# ЗА АКВИЗИЦИЈА

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.Со ова Упатство се пропишува структурата на аквизицискиот систем, процесот на аквизицијата, фазите на аквизициските процеси, критериумите, учесниците и нивните надлежности при спроведување на процесот за аквизиција на опрема од особено значење на одбраната.

2.Процесот за аквизиција опфаќа преземање и спроведување на плански и организирани постапки во насока на правовремено, квалитетно и економично задоволување на потребите на одбраната со опрема од особено значење за одбраната.

Сите учесници треба да водат сметка за ризиците кои може да се појават во текот на процесот на аквизиција и кои имаат влијание на успешноста на фазите на аквизицискиот процес, интегралната логистичка поддршка и трошоците на животниот циклус и истите да ги елиминираат или да ги сведат на минимум.

3.Под опрема од особено значење за одбраната во смисла на ова Упатство се смета опремата која со решение ја определува министерот за одбрана.

## II.СТРУКТУРА НА АКВИЗИЦИСКИ СИСТЕМ

4.Структурата на аквизицискиот систем се состои од три дела по следното:
-Идентификација за побарувањата на опремата, утврдена со долгорочниот и среднорочниот план за развој;
-Алокација на финансиските средства, односно буџетирање, утврдено со Правилникот за планирање, програмирање, буџетирање и извршување; и
-Процесот на аквизиција на опремата, што се утврдува со ова Упатство.

## III.ПРОЦЕС НА АКВИЗИЦИЈА

5.Процесот на аквизиција претставува управуван процес за набавка, модернизација или развој на опремата од особено значење за одбраната, и се состои од две постапки по следното:

а)Постапка пред започнување на аквизицскиот процес ; и

б)Постапка за набавка на опремата која се состои од пет фази.

*а)Постапка пред започнување на аквизицискиот процес*

6.Постапката пред започнување на аквизицискиот процес, започнува на тој начин што Генералштабот на Армијата и организациските единици во Министерството, до Секторот за логистика, доставуваат предлог-проекти во кои ги искажуваат своите потреби за опрема, која подлежи на процесот на аквизиција.

Секторот за логистика, преку државниот секретар, предлог-проектите го доставува на разгледување на Програмската и Управната група.

7.Управната група ги одобрува предлог-проектите доколку истите подлежат на процесот на аквизиција.

Откако Управната група ќе ги одобри предлог-проектите, истите преку Секторот за логистика се доставуваат на Генералштабот на Армијата и организациските единици во Министерството, со цел за секој предлог-проект да се разработи оперативно барање.

8.Генералштабот на Армијата и организациските единици во Министерството по завршување на изработката на оперативното барање, истото заедно со предлог-проектот го доставува на Секторот за логистика, со цел да се изврши евалуација на одобрениот проект и оперативното барање и ги дава на разгледување на програмска група и управна група согласно одредбите од Правилникот за планирање, програмирање, буџетирање и извршување.

Оперативното барање ги содржи следните податоци: појдовна основа, средства и опрема кои се предмет на набавката, техничко-тактички карактеристики (општи технички карактеристики, основен комплет на опремата и дополнителна опрема), оддржување и сервисирање на опремата, потребна документација (упатства и техничка документација), време потребно за обука за воведување во оперативна употреба, временска рамка на набавката, предлог лица за состав на интегрираниот проектен тим, роковите во кои треба да се завршуваат фазите на аквизициските

процеси (за секоја фаза поединечно) и преглед за можни ризици и предлози за нивно надминување.

9.Министерот за одбрана донесува решение за започнување со процесот на аквизиција.
Со решението се определува раководител на проектот и се формира интегриран проектен тим.

10.Раководителот на проектот се избира од активниот воен персонал или од административни службеници кои имаат раководни звања и се определува за раководење со проектот или со повеќе сродни проекти во зависност од карактерот на опремата која е предмет на аквизициски процес.
Раководителот на проектот во текот на реализацијата на проектот, ги има следните должности и надлежности:
-Врши определување на структурата и содржината на проектот;
-Раководи со проектот на аквизицискиот процес;
-Идентификува заинтересирани страни и соработува со истите;
-Врши проценка на барањата за проектот;
-Изработува листа на задачи за реализација на проектот;
-Изработува предлог на план за раководење со проектот, кој опфаќа: проценка на потребното време за реализација на проектот и финансиска средства за реализација на проектот;
-Врши идентификација и проценка на ризиците и управува со истите;
-Изработува динамичен план за реализација на проектот;
-Обезбедува потребни ресурси и ангажирање на дополнителен персонал;
-Учествува и ја следи реализацијата на проектот по фази;
-Остварува контрола и раководи со настанатите промени;
-Ја следи реализацијата на обврските на договорните страни откако ќе се склучи договорот и доставува извештај до Министерството и Генералштабот на Армијата; и
-Доставува известувања за постигнатиот степен на реализација на проектот.

11.За членови на интегририраниот проектен тим се определуваат лица од составот на Армијата и административни службеници од Министерството, кои претходно се предложени во оперативното барање.
За членови на интегрираниот проектен тим, се избираат воени старешини од родовите или службите на армијата (во зависност од опремата која е предмет на набавка) и административни службеници распоредени на работни места за планирање и поддршка на проектите на аквизиција, инжинери, логистичари, финансисти, правници и други.

## IV. ФАЗИ НА АКВИЗИЦИСКИТЕ ПРОЦЕСИ

12.Аквизициските процеси се спроведуваат во пет фази, по следното:
1. Разгледување на оперативното барање;
2.Еваулација на алтернативите;
3.Набавка на опремата;
4.Воведување на опремата во оперативна употреба; и
5.Употреба на опремата.

### 1) Разгледување на оперативното барање

13.Во фазата на разгледување на оперативното барање се извршуваат дејствија кои се последователни преку следните активности:
-Анализа на оперативното барање;
-Анализа на можните начини за надминување на недостатокот на способности; и
-Изготвување на извештај.

14.Во анализата на оперативното барање, интегрираниот проектен тим врши анализа на оперативното барање, искажана во однос на идентификуваниот недостаток на способноста на опремата и ги разгледува сите аспекти наведени во оперативното барање, по следното:
-Способности кои опремата треба да ги исполни, во смисла на тоа дека искажаните функционални барања во однос на недостатокот на способности, треба да бидат одраз на ефектите и можностите на опремата кои треба да ги исполни и манифестира при нејзината употреба (огнена моќ, дострел, капацитет, мобилност, степен на заштита, величина, готовност, интероперативност и слично) и кои треба да бидат мерливи;
-Функционалните карактеристики кои опремата треба да ги исполни како минимум, кои по извршената анализа интегрираниот проектен тим ги дефинира како функционални карактеристики на опремата и изработува преглед на истите за потребите по изборот на начинот за надминување на недостатокот на способности со определување на критериуми за нивно вреднување.
Функционалните карактеристики не треба да се искажуваат во однос на параметри на конкретно техничко решение со цел да се овозможи поголема слобода во изборот на решенија за надминување на недостатокот;
-Разгледува прашања од логистички аспект;
-Разгледува потреби на обука за ракување и одржување на опремата;
-Изработува документи кои произлегуваат од анализата на оперативното барање, и
-Ги разгледува можните ризици кои произлегуваат од оперативното барање.

15.Во анализата на можните начини за надминување на недостатокот на способности, интегрираниот проектен тим врши анализа на можните начини на надминување на недостатокот на способности со разгледување на следните можности:
-Модификација (подобрување на перформансите) на постоечката опрема;
-Воведување (набавка) на опремата која е достапна на пазарот;
-Користење на комерцијални услуги;
-Развој (сопствен или во соработка со други земји) на нова опрема.

16. При анализата на секоја од опциите потребно е да се разгледа и констатира:
-Степенот на отстранување на недостатокот на способности на опремата;
-Перспективност на начинот на надминување на недостатокот на способности на опремата;
-Пристапот кон решавање на слични недостатоци во други партнерски земји;
-Тенденции на пазарот и можностите на стопанството; и
-Ориентирните трошоци на животниот циклус на слични системи.

17.Изборот на начинот за надминување на недостатокот на способности на опремата треба да биде заснован на проценка на најповолното решение во однос на квалитетот, цената, трошоците на животниот циклус и времето потребно за стекнување на потребните способности на опремата за извршување на мисијата.

18.Изборот на критериумите за вреднување на начинот на надминување на недостатокот на способности го врши интегрираниот проектен тим при што приоритетно се разгледува:
-Достигнатиот степен на исполнување на оперативното барање;
-Техничка изводливост и достапност во рамките на зададениот временски рок;
-Логистичка поддршка во текот на животниот циклус;
-Времето потребно за стекнување на потребниот капацитет и неговата перспективност;
-Потребните финансиски средства за трошоците на животниот циклус на опремата;
-Можни меѓувлијанија со останатите системи во одбраната;
-Можност за надминување на недостатокот на способности во комбинација со веќе постоечки системи;
-Можност за намалување на трошоците и ризикот во соработка со други земји; и
-Можните штетни влијанија врз животната средина.

19.По завршување на изборот за начинот на надминување на недостатокот на способности, интегрираниот проектен тим во анализата на можните начини за надминување на недостатокот на способности ги извршува следните активности:

-Дефинирање на конечните функционални барања на тактичките и технички карактеристики кои што конкретното решение треба да ги исполни за да одговори на потребите на мисијата;

-Испитување на пазарот се врши со цел да се изврши проценка на неопходните финансиски средства кои долгорочно би се планирале во рамките на системот за планирање програмирање буџетирање и извршување;

-Подготовка на реален план за реализација на проектот со цел да се намали ризикот од пречекорување на предвидените функционални, финансиски и временски рамки;и

-Презема мерки решението да не предизвика последици кои ќе бидат во спротивност со постоечките законски решенија или меѓународни договори и стандарди (безбедносни, здравствени, еколошки и слично).

20.Откако ќе заврши со анализата на можните начини за надминување на недостатокот на способности, интегрираниот тим изготвува извештај за фазата на разгледување на оперативното барање.

Во извештајот задолжително се прикажуваат критериумите (методологијата) кои се употребени при дефинирање на конечните функционални барања на системот, разгледаните опции за надминување на недостатокот на способности со образложение за несоодветноста на отфрлените можности, проценка за алокација на неопходните финансиски средства кои долгорочно би се планирале во рамките на системот на планирање, програмирање, буџетирање и извршување и изработува преглед за идентификуваните ризици.

Извештајот се доставува до раководителот на проектот, кој го доставува до министерството за одбрана и го презентира пред програмската и управната група.

По разгледувањето и усвојувањето на извештајот, интегрираниот проектен тим продолжува со следната фаза од аквизицискиот процес.

2.Еваулација на алтернативите

21.Во фазата еваулација на алтернативите, интегрираниот проектен тим ги идентификува потенцијалните субјекти кои се способни да го исполнат оперативното барање, ги евалуира техничките карактеристики на понудените решенија и ги определува мерките кои треба да се превземат за успешно надминување на недостатокот на способности, со извршување на следните активности:

-Собирање на информации за потенцијални субјекти кои го исполнуваат оперативното барање; и
-Анализа на можните решенија.

22.Целта на овие активности е опремата да биде обезбедена согласно оперативното барање (тактички и технички карактеристики) како и во рамките на временските и финансиски ограничувања, односно намалување на ризикот од неквалитетно, ненавремено или неекономично решавање на потребата.

23.Собирањето на информации за потенцијални субјекти кои го исполнуваат оперативното барање, интегрираниот проектен тим го врши со истражување на пазарот преку посета на потенцијалните производители, по претходно доставено барање за информации.

24.Од потенцијалните производители интегрираниот проектен тим побарува:
-Да ја демонстрираат својата способност, да презентираат опрема која ќе го задоволи оперативното барање;
-Да ја презентираат ефективноста на опремата (способности, готовност, функционална подобност);
-Да понудат план за воведување на опремата во одбранбениот систем (обука, поддршка во почетниот период и слично);
-Техничките карактеристики на опремата со кои производителот на воената опрема смета дека може да го исполни оперативното барање (вклучително и стандардите на кои се засновува решението);
-Начинот (технологија) на верификација на искажаните карактеристики (контрола на квалитетот);
-Степенот на исполнување на елементите на интегрираната логистичка поддршка при развојот на опремата;
-Можности за поддршка на опремата во текот на користењето; и
-Претходно искуство и резултати во соодветната област.

25.Откако ќе ги добијат бараните информации од потенцијалните производители интегрираниот проектен тим врши анализа.
Со анализата интегрираниот проектен тим врши проверка и верификација на добиените податоци зависно од нивното значење за понататошните активности.
Проверката и верификацијата на добиените податоци, се врши преку проверка на истите кај други корисници на опремата, независни студии од истражувачки институции, демонстрација од самиот производител, трупни испитувања и слично.
По завршување на анализата, интегрираниот проектен тим изработува информација за секое понудено решение кое го задоволува оперативното барање.

26.Во работата на интегрираниот проектен тим може да се вклучат и надворешни стручни лица, за што одлучува министерот за одбрана.

27.Решенијата кои ги задоволуваат потребните вредности за претходно поставените барања, кои се наведени во оперативното барање, се еваулираат од страна на интегрираниот проектен тим на тој начин што за секое решение поединечно потребно е да се:
-Еваулираат тактичките и техничките карактеристики на опремата;
-Анализира степенот на исполнување на барањата за интегрирана логистичка поддршка;
-Проценка на нивото на логистичка поддршка со сопствени капацитети;
-Изготви предлог план на активностите кои треба да се извршат во фазата на воведување на опремата во употреба;
-Изврши проценка на трошоците за животен циклус на опремата; и
-Проценка на ризиците и управување со истите.

28.Откако ќе заврши со еваулација на алтернативите, интегрираниот тим изготвува извештај во кој се содржани следните елементи: ги наведува сите разгледани решенија, дава објаснување за применетата методологија (критериуми) за вреднување на решенијата, се наведуваат решенијата кои не ги задоволуваат критичните вредности на бараните карактеристики и за решенијата кои ги задоволуваат критичните вредности изготвува компаративна анализа на техничките и логистички карактеристики и проценка за трошоците на животниот циклус на опремата и воедно дава објаснување за проценката на ризиците и справување со истите.
Извештајот се доставува до раководителот на проектот, кој го доставува до Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата и го презентира пред програмската и управната група.
Во извештајот задолжително е содржан предлог на интегрираниот проектен тим за тоа кое е најповолното решение во однос на квалитетот, цената и трошоците на животниот циклус, како и тоа дали набавката може да се изврши со склучување на договор со потенцијалните производители или е опфатена во договорите кои Владата на Република Северна Македонија ги има склучено со владите на други држави.

29.По разгледувањето на извештајот, доколку истиот се усвои се преминува на фазата на набавка на опремата.

30.Доколку по разгледувањето на извештајот се донесе одлука дека понудените решенија не ги задоволуваат потребите кои се наведени во оперативното барање или опремата која се побарува не може да се произведе, министерот за одбрана одлучува да се изврши редефинирање на оперативното барање.

3.Набавка на опремата

31.Набавката на опремата се врши во согласност со важечките прописи со кои се уредува набавката на опрема и во согласност со склучените меѓународни договори. Договорите кои ги склучила Владата со владите на други држави се исто така меѓународни договори.

32.Во одлуката на министерот за одбрана за лица кои ќе учествуваат како членови на комисијата за набавка на опремата, може да се определат раководителот на проектот и членови на интегрираниот тим.

4.Воведување на опремата во оперативна употреба

33.Во фазата воведување на опремата во оперативна употреба, се преземаат следните активности:
-Изработка на план за воведување на опремата во употреба;
-Вршење на квалитативен и квантитативен прием на опремата; и
-Донесување на решение со кое опремата се става во оперативна употреба.

*а)План за воведување на опремата во употреба*

34.Планот за воведување на опремата во употреба опфаќа мерки и активности кои треба да се превземат со цел да се обезбеди целосна подготвеност за ефикасна и економична употреба на опремата.
Мерките и активностите се однесуваат на обезбедување на имплементација на сите елементи на интегрирана логистичка поддршка, алоцирање на финансиски средства за поддршка на опремата и проценка на ризиците и управување со истите.
Планот за воведување на опремата во употреба за Армијата го изработува Генералштабот на Армијата.
Планот за воведување на опремата во употреба во министерството го изработуваат организациските единици во Министерството, кои се подносители на оперативното барање.

35.Бројот и обемот на мерките и активностите за воведување на опремата во употреба зависи од комплексноста на опремата и нејзиното значење за одбраната, но задолжително опфаќа:
-План за обука за употреба на опремата, во кој се опфатени изборот на персонал (инструктори, ракувачи и механичари), содржина на обуката, потребни помагала и опрема како и трансфер на знаење од производителот кон корисникот;
-План за логистичка поддршка, во кој се определуваат мерките на активностите, временските рокови и органите надлежни за нивно превземање со цел да се осигура оптимална логистичка поддршка во текот на употреба на опремата; и
-План за докомплетирање на воената опрема, кој опфаќа дефинирање и обезбедување на сите дополнителни материјални средства кои се потребни за да се обезбедат неопходни услови за правилна, сигурна и ефикасна употреба на опремата.

*б)Прием на опремата*

36.Приемот на набавената опремата се врши согласно договорот за набавка. При приемот задолжително се врши квалитативна и квантитативна контрола, која ја врши организационата единица за контрола на квалитетот во Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата.

*в)Решение за оперативна употреба на опремата*

37.Решението за употреба се донесува по завршување на сите предвидени активности во фазата на воведување на опремата во употреба.
Решението за воведување на опремата во Армијата го потпишува министерот за одбрана, на предлог на началникот на Генералштабот на Армијата и истото претставува потврда дека опремата е воведена во оперативна употреба во Армијата.
Решението за воведување на опремата во Министерството го потпишува министерот за одбрана и истото претставува потврда дека опремата е воведена во оперативна употреба во Министерството.

5.Употреба на опремата

38.Фазата на употреба на опремата го опфаќа периодот од приемот на опремата од страна на корисниците се до донесување на решение за расходување, при што се опфаќа: чувањето, употребата, одржувањето, следењето на карактеристиките на опремата, модернизација, модификација и расходување.

39.Носителот на планирање во областа на употребата (тактички и технички носител) е носител на контролата на функционалноста на опремата и следење на измени на истата, во смисла на модификација, надградба, модернизација и слично.

40.Носителот на планирање во областа на поддршката на опремата (тактички и технички носител) е одговорен за обезбедувањето на условите за правилна употреба како и оптимизација на системот за одржување на опремата.

41.Во оваа фаза органите одредени во решението за употреба спроведуваат мерки и активности, поврзани со:
-Активности за оддржување на опремата;
-Следење и евалуација на функционалните карактеристики на опремата;
-Следење и евидентирање на експлоатационите параметри на опремата добиени врз основа на информациите од вежби и операции;
-Следење и оптимизација на системот за оддржување на опремата (резервни делови, потрошен материјал, нормативи, обука и слично);
-Модификација на опремата;
- Модернизација на опремата; и
-Расходување на опремата.

*а)Активности за одржување на опремата*

42.Активностите за одржувањето на опремата опфаќаат мерки и активности кои се планирани од техничките носители, кои се вршат во рамките на одбранбениот систем и имаат за цел да обезбедат висок степен на искористување (готовност) на опремата и да обезбедат способност за успешно функционирање во текот на употребата на опремата.

43.Мерките и активностите за одржување на опремата опфаќаат:
-Обезбедување на пропишаните услови за употреба на опремата;
-Одржување на опремата во потребна состојба за извршување на мисијата (вклучително и отстранување на дефекти); и
-Оптимизација на системот за поддршка на опремата, на тој начин што најмалку еднаш годишно се врши анализа на моделот на поддршка во однос на соодветноста и рационалноста.

*б) Следење и евалуација на функционалните карактеристики на опремата*

44.Во текот на употребата на опремата, тактичкиот носител организира и спроведува мерки за следење и оценка на функционалните способности на опремата.

45.Функционалните способности се оценуваат во однос на поставените задачи и мисијата на опремата како и промената на истите со текот на времето (развој на против системи, попречувања, промена на доктрини и слично).

46.Мерките за следење и оценка на функционалноста опфаќаат прибирање на податоци за искажаните ефекти на опремата во текот на употреба на вежби, операции и слично.

47.Анализата на степенот на исполнување на мисијата од страна на опремата се врши во рамките на редовните анализи на борбената готовност и способностите на единиците и одбранбениот систем во целина.

48.Заради подобрување на функционалната погодност тактичкиот носител ги предлага следните мерки:
-Подобрување на обученоста на персоналот;
-Измена во концептот на употреба на опремата; и
-Промена на карактеристиките на опремата со модификација, надградба, модернизација и слично.

*в) Следење и евидентирање на експлоатационите параметри на опремата добиени врз основа на информациите од вежби и операции*

49.Во текот на употребата на опремата со следење и евидентирање на експлоатационите параметри на опремата добиени врз основа на информациите од вежби и операции, техничкиот носител организира и спроведува мерки за следење на сите пропишани параметри со цел да се има увид во состојбата во која што се наоѓа опремата од аспект на нејзината употребливост.

50.Мерките на следење и евидентирање на експлоатационите параметри на опремата се преземаат со цел:
-Навременост на превентивните и корективните постапки за одржување;
-Оптимизирање на системот на поддршка на опремата;
-Правовременост на утврдувањето на потребата од адаптација, модификација и модернизација; и
-Правовремено и реално утврдување на идните барања за логистичка поддршка на опремата пред истекот на животниот век.

51.Следењето на параметрите на опремата се врши во рамките на логистичкиот информациски систем преку евидентирање на експлоатационите параметри (изминати километри, работни часови, испукани проектили и слично) и состојбата на опремата во текот на сите редовни и вонредни прегледи, одржувања и други форми на контрола.

*г)Следење и оптимизација на системот за оддржување на опремата*

52.Следењето и оптимизација на системот за оддржување на опремата го врши носителот на логистичка поддршка во соработка со корисникот на опремата и за истата предлага да се изврши набавка на резервни делови и потрошен материјал.

*д)Модификација на опремата*

53.Модификацијата претставува измена на карактеристиките на опремата заради оддржување или подобрување на нејзините способности или рационализација на експлоатацијата.

54.Основата за извршување на модификација на опремата може да биде:
-Подобрување на способностите за извршување на мисијата;
-Рационализација на трошоците на поседување и користење на опремата;
-Постигнување на повисок степен на интероперативност (оперативна или логистичка);
-Отстранување на ризик за персоналот или околината;
-Елиминирање на позначителни недостатоци на опремата; и
-Усогласување со домашни или меѓународни регулативи (стандарди, закони и слично).

55.За поведување на постапка за модификацијата на опремата, одговорен е тактичкиот или техничкиот носител во зависност од тоа дали целта на модификацијата е менување на карактеристиките и можностите на опремата или рационализација на логистичката поддршката.
Процесот на модификација на опремата ги опфаќа сите фази на аквизицискиот процес во неопходен обем, поради што задолжително се разгледува одржувањето на опремата (исполнетоста на елементите на интегрираната логистичка поддршка) како и исплатливоста на самата модификација.

*ѓ)Расходување на опремата*

56.Расходувањето опфаќа мерки и активности со кои опремата трајно се повлекува од употреба.

57.Постапката за расходување на опремата се врши согласно важечките прописи.

## V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

58.Интегралната логистичка поддршка и трошоците на животен циклус се составен дел од ова Упатство како прилог бр.1 и прилог бр.2.

59.Со денот на влегување во сила на ова упатство, престанува да важи Упатството за аквизиција, бр.02-3982/1 од 18.07.2006 година.

60.Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: Давор Петрушев

Одобрил: Бранкица Гацова

Бр.___________________

_______________ година

Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА

Радмила Шекеринска Јанковска

Прилог бр.1

# ИНТЕГРАЛНА ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА

## 1.Дефиниција за интегрална логистичка поддршка

Интегралната логистичка поддршка (во натамошниот текст: ИЛП) претставува организациски и технички процес преку кој прашањата за логистичка поддржливост на опремата се интегрираат од почетната фаза на животниот циклус.
ИЛП се имплементира преку исполнување на системско и правовремено превземање на соодветни мерки, постапки и активности во сите фази на животниот циклус со цел да се обезбеди опрема која е погодна за поддршка и да се обезбеди соодветна поддршка за опремата.
Барањата за ИЛП функционално се групираат во елементи на ИЛП.
Степенот на имплементација на елементите ќе зависи од видот и сложеноста на опремата која е предмет на аквизицискиот процес. Елементите на ИЛП се разгледуваат од самиот почеток на животниот циклус на опремата во мерка која е соодветна за одредена фаза и во која може да се влијае на секој од нив.

## 2.Прилагоденост на дизајнот на опремата

Прилагоденоста на дизајнот на опремата претставува однос помеѓу логистичките карактеристики на дизајнот во однос на проектираните барања за поддршка на опремата. Клучни логистички карактеристики на дизајнот на опремата се надежноста, погодноста за оддржување и готовноста на опремата.
Надежност претставува способност на опремата да ја извршува поставената мисија во рамките на претходно дефинирани услови и времетраење. Се искажува преку средното време помеѓу отказите, а се постигнува преку поедноставување на конструкцијата, вградување на квалитетни делови, оптимизација на начинот на поврзување на составните делови и вградување на резервни склопови.
Погодноста за оддржување претставува способност опремата да биде оддржувана или доведена во исправна состојба со примена на квалификуван персонал и со пропишани процедури и ресурси. Се искажува преку средното време потребно за поправка или оддржување, а најчесто се постигнува преку разделување на конструкцијата на склопови кои се лесно достапни за замена и едноставно подесување, како и преку поедноставување на контролата на исправноста и утврдување на неисправностите.
Готовноста на опремата претставува веројатност дека истата ќе биде на располагање на корисникот и во готовност за употреба. Се искажува преку односот помеѓу времето кога опремата е исправна и на располагање на корисникот и вкупното време. Во пракса, готовноста зависи од повеќе фактори; отпорност од оштетување, расипливост, поправливост и можностите за оддржување.

Прилагоденоста на дизајнот е елемент од најголемо влијание на останатите елементи од ИЛП.

3.Планирање на оддржување на опремата

Планирањето на оддржување на опремата претставува процес на развивање и воспоставување на постапки и активности кои треба да се исполнат за да се постигне и оддржува оперативната способност на опремата во текот на целиот животен век.
Планирањето на оддржување на опремата се врши преку: дефинирање на мерките за оддржување и изработка на план за оддржување на опремата (критериуми, нивоа, одговорности, учество на производителот, технички податоци, алати, мерна и дијагностичка опрема и друго).

4.Персонал за ракување и оддржување на опремата

Персоналот за ракување и оддржување на опремата претставува процес на идентификација на персоналот со неопходни способности и овластувања за ракување и оддржување на опремата во текот на животниот век.
Целта на исполнување на ова барање на ИЛП е од самиот почеток на аквизицискиот процес да се идентификуваат барањата за персонал на најефикасен и најекономичен начин.

5.Систем на снабдување на опремата

Системот на снабдување на опремата претставува збир на активности, процедури и техники кои се користат за набавка, каталогизација, прием, евиденција, чување, трансфер, издавање и расходување на резервните делови и потрошниот материјал за работа на опремата.
Дефинирањето на системот за снабдување се врши преку дефинираната надежност, готовност и планот за оддржување на опремата.
Се смета дека опремата не е комплетна и не е за употреба доколку ги нема потребните количини на резервни делоови и потрошен материјал.

6.Опрема за поддршка

Опрема за поддршка како прашање кое треба да се разгледува во текот на аквизицискиот процес на опремата ја подразбира сета подвижна и неподвижна дополнителна опрема која што е потребно да се обезбеди за правилна и сигурна употреба на опремата како и онаа за негово оддржување во исправна состојба.
Под опрема за поддршка се подразбираат сите видови на алати, мерни инструменти, опрема за тестирање и калибрација, опрема за ракување и транспорт, опрема за заштита и друго.

7.Технички информации

Техничките информации претставуваат сите запишани информации од техничка или научна природа кои што се потребни за да ги пренесат карактеристиките на опремата во конкретни технички и логистички документи.
Истите се користат заради олеснување на ракувањето и поддршката на опремата, а вообичаено се подразбираат: технички прирачници, билтени, упатства, насоки за оддржување, цртежи и шеми, листи на компоненти, резервни делови и специјални алати, листа на производувачи, ограничувања од техничка и безбедносна природа.
Техничките информации треба да вклучуваат одобрено НАТО име согласно АЦОД П-3 и податоци за НАТО складишен број со кои опремата може еднозначно да се класифицира во соодветен НАТО компатибилен кодификациски систем.

8.Менаџмент на конфигурацијата

Менаџментот на конфигурацијата претставува планирање и надзор над техничките и административни активности, кои се потребни за идентификација и определување на функционалните и физички карактеристики на опремата до најниско потребно ниво.
Менаџментот на конфигурацијата се исполнува во текот на сите фази на аквизицискиот процес, од определување на најосновните физички и функционални карактеристики кои опремата треба да ги исполни, преку определување на составните делови па се до определување на потребните модификации и доработки на опремата во текот на нејзината употреба.

9.Обука и поддршка на обуката

Обуката и поддршката на обуката опфаќа процеси, процедури и техники како и опрема за обука на лицата определени за ракување и поддршка на опремата.
Се состои од планирање и обезбедување на поединечна и колективна обука за ракување и оддржување, обука на инструктори и клучен персонал, како и планирање на поддршка на обуката и опремата за обука.

10.Поддршка со компјутерски ресурси

Поддршката со компјутерски ресурси подразбира детерминирање на ифраструктура, хардвер, софтвер, документација, персонал и обука, потребни за ракување и поддршка на опремата.
Поддршката со компјутерски ресурси вклучува и план за определување на софтверска поддршка во постпродукцискиот период.

## 11.Објекти

Објектите (инфраструктура) како елемент на ИЛП подразбираат трајни и времени недвижности потребни за чување, работа и поддршка на опремата.

Прилог бр 2.

# ТРОШОЦИ НА ЖИВОТЕН ЦИКЛУС

Трошоците на животен циклус (во натамошните текст: ТЖЦ), претставуваат вкупните трошоци потребни за набавка, имање и користење на опремата во текот на целиот животен век, вклучувајќи ја цената на развој, производството, работата, поддршката и ослободувањето од истата (расходот).

Во текот на аквизицискиот процес, во сите фази се изготвува структура на трошоците на тој начин што се прикажуваат сите трошоци, односно чинителите кои ги генерираат и нивните меѓузависности.

Во недостаток од егзактни податоци во почетните фази од аквизицискиот процес се работи со претпоставени (искуствени) вредности за поедини ставки во структурата на трошоците. Во подоцнежните фази од аквизицискиот процес со зголемувањето на бројот на подетално определениет карактеристики на опремата со која што го надминуваме недостатокот на можности се зголемува и точноста на елементите (влезните податоци) од структурата на ТЖЦ.

Проценка на ТЖЦ вршат членовите на интегрираниот проектен тим (во натамошниот текст: ИПТ) , претставници од соодветните носители на планирање (тактички носител, обука, персонал, логистика и сл.), а нивна обработка и прикажување врши членот на ИПТ од областа на финансиите.

Во најосновна форма за потребите на планирањето структурата на ТЖЦ се искажува како:
-Трошоци за набавка (вклучуваат и развој доколку е сопствен);
-Трошоци на имање; и
-Трошоци за користење.

Најчести извори на податоци во почетниот период се:
-Постоечките податоци за слична опрема која била предмет на аквизицски процес;
-Проценки од поранешните фази на развој;
-Документи од потенцијални испорачатели;
-Искуствени проценки; и
-Податоци од експлоатација, испитување и други проверки.

Податоците добиени на претходно споменатите начини се користат при евалуација на потенцијалните решенија за да се оцени влијанието на одредени активности и одлуки (врзани за дизајнот или поддршката) врз цената односно трошоците на животниот циклус.

Во структурата на трошоците поединечните елементи (ставки) се кодираат на начин на кој можат да се вршат потребни анализи во текот на процесот на аквизиција и планирање на финансиските средства во процесот на дефинирање на буџетот во текот на целиот животен век.

Добиените трошоци се доставуваат во Секторот за финансии. Секторот за финансии врши алокација на финансиски средства и нивно прикажување во годишните и повеќегодишните планови за финансирање.